ООУ ДИМКАТА АНГЕЛОВ - ГАБЕРОТ
ВАТАША

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА
# ООУ„ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ“ С.ВАТАША
# ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА



С.ВАТАША

АВГУСТ 2024

ООУ ДИМКАТА АНГЕЛОВ - ГАБЕРОТ
ВАТАША

***СОДРЖИНА:***

I. Вовед
II. Каледнар и услови за работа- ресурси
III. Наставни планови и програми
III.1 Настава по задолжителни предмети
III.2 Настава по изборни предмети
III.3 Дополнителна и додатна настава за учениците од прво до деветто одделение
III.4 Час на одделенската заедница
III.5 Проширена програма на училиштето
III.6 Странски јазици што се изучуваат во училиштето
III.7 Планирање и реализација на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“
III.8 Воннаставни активности
Здравствена грижа
Извештај за активности на Еразмус+ клубот во учебната 2023/2024 година
IV. Извештај за работата на ученичкоиот парламент учебната 2023/2024 година.
V. Извештај за работа на училишниот иклузивниот тим во учебната 2023/2024 година
VI. Бројна сосотојба на учениците во учебната 2023/2024 година
VII. Изостаноци во учебната 2023/2024 година
VIII. Поведението на учениците во учебната 2023/2024 година
IX. Испишани, придојдени и неоценети ученици во учебната 2023/2024 година
X. Успех и оценување кај учениците во учебната 2023/2024 година
XI. Педагошки мерки во учебната 2023/2024 година
XII. Учење, настава и оценување
XIII. Поддршка на учениците
XIV. Професионална ориентација на учениците
XV. Стручно усовршување на воспитно образовниот кадар
XVI. Училишна клима и односи во училиштето
XVII. Следење на квалитетот на работата на работата на училиштето
XVIII. Активности на стручната служба
XIX. Управување, раководење и креирање политика
XX. Извештај за набавени реквизити и обнова на простории
XXI.Предлог мерки и заклучоци

**Прилог**: Статистички извештај за бројната состојба, успехот, поведението, изостаноците, педагошки мерки на учениците и реализирани наставни часови во учебната 2023/2024 година.

ООУ ДИМКАТА АНГЕЛОВ - ГАБЕРОТ
ВАТАША

## I. Вовед

Својата воспитно - образовна дејност во учебната 2023/2024 година училиштето ја планираше и реализираше согласно:

- Законот за основно образование,
- Наставниот план за основно образование за учебната 2023/2024 година;
- Календарот за работа во основните училишта во 2023/2024;
- Концепција за основно образование;
- Водич за слободни изборни предмети;
- Насоки за реализација на наставата од 1 до 6 одделение од МОН;
- Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024;

година, Развојна програма и Самоевалуација на училиштето;

- Наставни програми по одделенија и наставни предмети,
- Планирањата на наставниците, стручните соработници, директорот и
- Извештаите од извршените увиди од страна на Државниот просветен инспектор и овластаниот просветен инспектор на Општина Кавадарци.

## II. Каледнар и услови за работа- ресурси

Согласно Календарот за организација и работа на основните училишта учебната 2023/2024 година започна на 1 септември 2023 година, а заврши на 31 август 2024 година.

Наставната година започнува на 1 септември 2023 година и заврши на 17 јуни 2024 Наставата ја сочинуваа две полугодија и тоа првото полугодие започна на 1 септември 2023 година и заврши на 29 декември 2023 година. Второто полугодие започна на 22 јануари и заврши на 17 јуни 2024 година.
Во текот на учебната година учениците користеа зимски, пролетен и летен одмор. Зимскиот одмор започна на 30 декември 2023 година и заврши на 19 јануари 2024 Пролетниот распуст започна на 29 април и заврши на 6 мај 2024 година. Летниот одмор започна на 18 јуни 2024 година и заврши на 31 август 2024 година.
Во училиштето се реализираа дополнителна настава и одделенски испити во јунскиот испитен рок и тоа од 18 јуни до 1 јули 2024 година.
Во учебната година се оствари́ја 180 наставни дена.

Се изготви распоред за часови за учениците од 1 до 9 одделение. Редовно се врши дезинфекција и дератизација на просториите во училиштето. Условите со кои располага училиштето овозможуваат целосна реализација на наставата. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава и располага со доволен број училишни простории.

Воспитно - образовниот процес за учениците во нашето училиште се реализира во една смена, согласно Календарот за организација и работа во училиштата.

Наставата започнува во 07:30 часот и наставниот час трае 40 мин, со 5/10 минути одмор помеѓу часовите. Вработените во училиштето, наставниците,

учениците и родителите го почитуваат Куќниот ред и Правилниците за однесување на учениците, родителите и сите вработени.

Во врска со опременоста на училиштето со наставни средстава и помагала може да се констатира дека истата задоволува. Секако дека училиштето се стреми кон подобро опремување со наставни средства и помагала.

Училиштето ги задоволува тековните потреби од обезбедување на дидактички материјали за реализација на наставата.

Училишната библиотека располага со стручна литература и лектирни изданија доволни за потребите на учениците и за истите уредно и навремено се води библиотечна евиденција.

Училишната библиотека е достапна за учениците секој работен ден со определено работно време. За работа во училишната библиотека се ангажирани пет предметни наставници.

Наставничката канцеларија располага со два компјутери, 1 принтер и 1 фотокопир кои ги користат наставниците за принтање, копирање матерјали за работа.

Воспитно - образовниот процес во оваа учебна година го реализираат 34 вработени од кои 30 наставници и 3 стручни соработници (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор) и 1 директор.

За реализација на воспитно - образовниот процес училиштето го има обезбедено потребниот наставен кадар согласно Законот за основно образование и Нормативот за наставен кадар. Во оваа учебна година ангажирани се вкупно 30 наставници од кои:

- 1 наставник во продолжен престој,
- 10 наставници во одделенска настава
- 19 наставници во предметна настава

Исто така, еден предметен наставник од ова училиште реализира настава во друго училиште и тоа:

- предметен наставник по англиски јазик дополнува 10 часа во ООУ „Гоце Делчев“- Кавадарци,

Еден предметен наставник од друго основно училиште дополнува наставни часови во ООУ „Димката Ангелов Габерот“ Ваташа и тоа:

- предметен наставник по ликовно образование од ООУ ,,Димката Ангелов Габерот“ Кавадарци реализира 8 часа седмично;

Наставниот кадар е квалификуван и оспособен за реализација на наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Еден наставник не е според нормативот на наставен кадар а тоа е наставникот по физика и хемија кој е дипломиран инженер технолог.

Наставниците ефективно приденесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи.

Наставниците и стручните соработници постојано професионално се усовршуваат преку посети на семинари и обуки организирани од БРО и други акредитирани здруженија.

Во реализацијата на воспитно-образовната работа на училиштето е ангажирана и стручна служба составена од тројца стручни соработници – педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор, која им помага на наставниците во организацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, родителите со справувањето на проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците како и работа со децата со посебни образовни потреби.

Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците, наставниците и родителите и е секогаш отворена за соработка.

Во училиштето е формиран инклузивен тим, за поддршка во работењето со ученици со ПОП. Во училиштето и во училишниот тинклузивен тим се вклучи и специјален едукатор и рехабилитатор.

Раководниот кадар т.е. Директорот на училиштето се залага за подобрување на квалитетот на наставата, постигањата на учениците, воспитно-образовниот процес во целина.

## III. Наставни планови и програми

Планирањето, организацијата и реализациајта на наставата во учебната 2023/2024 година е во согласност со Законот за основно образование, Наставниот план за деветгодишно основно образование и Наставните програми за реализација на наставните содржини по наставни предмети и одделенија.

Наставните планови и програми што ги применува училиштето се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука – Биро за развој на образованието и истите се реализираат во пропишаниот обем.

Со целите на Наставните планови и програми што се реализираат, училиштето ги запознава родителите и учениците со изготвување на брошури, информирање на членовите на совет на родители, информирање на родителите на родителски средби.

Во оваа година планирани и реализирани се следниве видови настава:

-**настава по задолжителни предмети** за учениците од прво до деветто одделение

-**настава по изборни предмети** за учениците од четврто до деветто одделение

- **слободни активности** како задолжителни наставни часови од прво до трето одделение;

-**дополнителна настава** за учениците од прво до деветто одделение

-**додатна настава** за учениците од прво до деветто одделение

-**час на одделенската заедница** за учениците.

Реализацијата на дополнителна и додатна настава се одвиваше согласно наставниот план и програма, распоредот на часови по задолжителни и изборни предмети и распоредот за ДОД, ДОП и ВОН.

Во оваа учебна година целосно се реализирани наставните денови согласно Календарот за организација на учебната 2023/2024 година во основните училишта и во оваа учебна година реализирани се вкупно 180 наставни дена.

***III.1 Настава по задолжителни предмети***

Наставата по задолжителни предмети е планирана, организирана и реализирана во согласност со Наставните планови и програми со определен годишен и неделен број на часови по одделенија и предмети.

За наставата по **задолжителни предмети** од прво до деветто одделение во учебната 2023/2024 година планирани се 15 768 и реализирани се 15761 или 100%, односно планираниот фонд на часови во учебната 2023/2024 е реализиран.

***III.2 Настава по изборни предмети***

Наставата по изборни предмети во оваа учебна година е планирана и организирана согласно Законот за основно образование, Наставниот план за деветгодишно основно образование, Водичот за слободни изборни предмети и Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година.

Наставата по изборни предмети е организирана за учениците **од четврто до деветто одделение**, а изборот на предметите што се изучуваат како изборни се врши по пат на анкетирање на учениците и родителите.

Во оваа учебна година се реализираше настава по следните изборни предмети:

- **Слободни активности** за учениците од прво до трето одделение;
- **Математичко резонирање и Градинарство и хортикултура** за ученици од четврто одделение;
- **Оригами и Ракомет** за учениците од петто одделение;
- **Класична култура во европската цивилизација** и **Мултикултурни работилници** за учениците од шесто одделение,
- **Танци и народни ора** за учениците од седмо одделение,
- **Вештини за живеење** за учениците од осмо одделение,
- **Проекти од информатиката** за учениците од деветто одделение.

За оваа учебна година за наставата по изборните предмети и слободните активности како задолжителен наставен час од прво до деветто одделение планирани се 1296 часа, а реализирани се 1303 часа или 101%.

Наставата по изборните предмети е целосно реализирана.

***III.3 Дополнителна и додатна настава за учениците од прво до деветто одделение***

Согласно Законот за основно образование и Правилникот за организација и начинот на спроведување на дополнителна и додатна настава во основните училишта, за учениците кои не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми од одредени теми/области во рамките на наставните програми е организирана **дополнителна настава**, а за учениците кои покажуваат значителни резултати по одделни предмети и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети, одделна тема/област од наставен предмет е организирана **додатна настава**.

Дополнителната и додатната настава за учениците од прво до деветто одделение согласно Наставниот план за деветгодишно основно образивание и Годишната програма за работа на училиштето е планирана со по 2 часа седмично на ниво на паралелка.

Во оваа учебна година за додатна настава реализирани се вкупно 398 часа, а за дополнителна настава реализирани се вкупно 640 часа. Вкупно додатна и дополнителна реализирани се 1038 часа.

***III.4 Час на одделенската заедница***

Согласно Законот за основно образование и Наставниот план за деветгодишно основно образование и Програмата за учениците од второ до деветто одделение деветгодишно се планираат и реализираат часови за одделенската заедница.

На часот на одделенската заедница се реализираат содржини од програмата образование за животни вештини.

Часот на одделенската заедница за секоја паралелка од седмо до деветто одделение е планиран со по еден час седмично и во учебната 2023/2024 година планирани се 216 часа, а реализирани се 218 часа. Од 1 до 6 одделение часот на одделенската задница е реализиран во слободните активности, по потреба на паралалелката.

Терминот за реализација на час на одделенска заедница може да варира од една паралека до друга и неговото траење од еден до друг термин во зависност од потребите на паралелката.

### III.5 *Проширена програма на училиштето*

Согласно член 40 од Законот за основно образование во училиштето во учебната 2023/2024 година се реализира проширена програма, односно организирано е прифаќање и заштита на учениците од прво до трето оделение еден час пред наставата во согласност со родителите.

За реализација на оваа програма училиштето има изготвено распоред со одговорни дежурни наставници – носители на активноста.

Исто така во училиштето е организиран продолжен престој за учениците од прво до трето одделение. За време на продолжениот престој учениците учат, ги работат домашните задачи и други училишни обврски, учествуваат во културно-уметнички, спортски и други активности планирани со годишната програмата за работа на училиштето и планирањата на наставникот за работа со учениците во продолжен престој.

Вклучувањето на учениците во продолжен престој е во согласност со родителите односно по пат на анкетирање на родителите. Оваа учебна година во продолжен престој имаше 57 ученици од прво до трето со еден одделенски наставник во комбинирана група ученици. Сите ученици не беа редовни во посетата на продолжен престој.

### *III.6 Странски јазици што се изучуваат во училиштето*

Во училиштето согласно Наставниот план и програма се изучуваат два странски јазици Англиски јазик и Грмански јазик.

Англиски јазик се изучува од 1 до 9 оддделенеие како задолжителен странски јазик.

Германски јазик како втор задолжителен странски јазик се изучува од 6 до 9 одделение. Изборот на понуден втор странски јазик го извршија учениците и родителите и од понудените четири странски јазици го избраа Гепманскиот јазик.

### *III.7 Планирање и реализација на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“*

Во учебната 2023/2024 година училиштето продолжи со реализација на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“. Содржини од овој проект наставниците планираат во своите тематски планирања и во учебната 2023/2024 се реализирани планираните содржини.

Училиштето има план за реализација на активности во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието (МИО) помеѓу партнер училиштата ООУ ”Димката А. Габерот”- с.Ваташа, Општина Кавадарци и ООУ„Страшо Пинџур“, с.Карбинци, Општина Штип. Во оваа учебна година не е реализирана активност со патртнер училиштето ООУ„Страшо Пинџур“, с.Карбинци.

### *III.8 Воннаставни активности*

Воннаставните активности претставуваат нераскинлива целина во воспитно-образовниот процес што ги создаваат потребните предуслови ученикот да се развие во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност. Во согласност со развојните потреби и интереси на учениците и со нивното активно учество, со цел училиштето да стане место за социјализација на учениците и привлечна средина за учење. Изборот на воннаставните активности во коишто ученикот самостојно ќе се вклучи надвор од редовната настава, нему му нуди можност за развивање интереси што редовната настава не ги опфаќа или само делумно ги опфаќа.

Во нашето училиште повремено или континуирано се реализираат и проекти како посебен вид на еднократни воннаставни активности, гостувањата на училиштата надвор од земјава, ученичкото организирање.

Во учебната 2023/2024 година во училиштето се планирани и реализирани следните воннаставни активности:

**Краткотрајни воннаставни активности**

- Излети и екскурзии

Врз основа на Правилникот за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности со архивски број 12-13487/1 од 19.11.2019 година и програмата на училиштето за изведување екскурзии и излети и други вонучилишни активности со архивски број 08-252/4 од 03.07.2023 година, планираните екскурзији и излети за учебната 2023/2024 година се реализирани.

- Есенски ден за учениците од 1 до 9 одделение реализиран на ден 30.10.2023 година на релација с.Ваташа – Моклиште – с.Ваташа;
- Прво одделение - еднодневен излет на 31.05.2024 на релација с.Ваташа – 12 Другари – с.Ваташа;
- Второ одделение – еднодневен излет на 30.05.2024 на релација с.Ваташа - Демир Капија-Неготино - с.Ваташа.
- Трето одделение - еднодневна екскурзија на 03.06.2024 во Скопје;
- Четврто одделение - еднодневен излет на 04.06.2024 на релација с.Ваташа - ХЕЦ „Тиквеш“ с.Возарци - с.Ваташа;
- Петто одделение – еднодневен излет на 30.05.2024 на релација с.Ваташа – Конопиште – с.Ваташа;
- Шесто одделение – дводневна екскурзија од 10-11.06.2024 година на релација с.Ваташа - Берово – Струмица – Дојран - с.Ваташа;
- Седмо и осмо одделение - еднодневен излет на 29.05.2024 на релација с.Ваташа – Велес – с.Ваташа;

- Девето одделение - дводневна екскурзија 10-11.06.2024 година на релација с.Ваташа - Берово – Струмица – Дојран - с.Ваташа;
  **Прилог,** Годишен извештај за реализација на екскурзии и излети и други вонучилишни активности за учебната 2023/2024 година.

- еднократни работилници

- Проектна активност на членовите на историската секција на тема „80 години од стрелањето на 12 ваташаки младинци" - краткометражен документарен филм;
- Проект на историската секција видео запис на народниот херој Страшо Пинџур по повод 80 години од неговото загинување;
- Проектна активност на членовите на историската секција по повод патронот на нашето училиште во село Ваташа, учениците заедно со нивниот ментор по историја направија краток документарен филм за ликот и делото на Димката Ангелов Габерот";
- Проектна активност од учениците од историската секцијана тема „Одбележување на 150 години од раѓањето на Гоце Делчев" you tube презентација;
- Историската и драмската секција изработија дигитален проект на тема„Холокаустот низ призмата на детските очи";
- Работилница за безбеден сообраќај од припадници на ОВР Кавадарци, стручна служба, со ученици од I-V одделение со цел запознавање со основните сообраќајни правила и почитување на истите;
- Противпожарна работилница од припадници на противпожарна единица-Кавадарци, стручна служба со ученици од I-V одделение со цел стекнување вештини за заштита и постапување при пожар и спречување на пожар;
- Едукативна работилница за последици од употреба на пиротехника од припадници на ОВР Кавадарци, стручна служба, со ученици од VI-IX одделение со цел да се запознаат со штетните последици од употреба на пиротехника;
- Работилници за антикорупциска едукација на учениците;
- Еразмус работилници со партнер училишта;
- Изработка на новогодишни и осмомартовски честитки за родители и вработени;
- Работилница за здрава храна ,,Здрава храна за детство без мана од одделенски наставници, стручна служба, родители и ученици од I-Vсо цел стекнување навики за здрава исхрана и здрав психофизички развој;
- Работилница за увежбување на трите чекори за спротивставување на негативен притисок од врсниците – педагог;

- Работилница за другарство стручна служба на тема „Другарство“ (психолог) со ученици од V и VI одделение со цел да се осознаат вредностите на другарството;
- Работилници со ученичката заедница стручна служба (психолог), ученичка заедница/парламент со ученици од VI-IX одделение со цел стекнување вештини за ученички самоиницијативи и демократска партиципација на ученичките тела;
- Ако ги снема пчелите, ќе не снема и нас – работилница по повод 20.05. 2024 меѓународен ден на пчелата 2 одделение;
- Работилница за одбележување 3 Декември – меѓународен ден на лица со ПОП (дефектолог);
- Работилница за родители и ученици за пружење психосоцијална помош за унапредување на добросостојбата и менталното здравје на децата – психолог;
- Одбележување на светски ден на лица со аутизам од стручна служба (дефектолог) I до V Подршка и поголема свесност во општеството;
- Работилница за инклузивен јазик Одделенски/предметни наставници, стручна служба со ученици од I-IX одделение со цел стекнување навики за користење инклузивен казик кон ученици и лица со ПОП;
- 21 Март - Светски ден на лицата со Даунов синдром -Презентација и работилница со учениците од 4б;
- Едукативна работилница за девојчиња од 6 одделенеие на тема „Се што сакаш да знаеш за пубертетот“ одржана од Сузана Велјановска од програмата Alwayes;
- Работилница за детските права како дел од човековите права им припаѓаат на сите деца без оглед на нивното национално или етничко потекло, пол, род, боја на кожа, религија, возраст, попреченост, јазик (недела на детето).

- **Акции во училиштето или во заедницата**

Од планираните акции во училиштето во оваа учебна година реализирани се следните:

**- хуманитарни:**

- собирање облека и обувки донирани на социјално загрозени деца;
- новогодишни честитки од учениците од 1 до 9 одделение, како и организирање на secret santa помеѓу учениците во одредени паралелки;
- новогодишни пакетчиња за учениците од 1 до 5 одделение од страна на Општина Кавадарци;
- Хуманитарна акција за собирање парични средства за помош на болни деца;
- Учество во хуманитарна акција „Помислете и на нас“ по повод „Денот на гладта“ (донирање на парични средства со цел да се набават пакети со храна) октомври година;
- собирна акција (облека и обувки) од одделенски раководители, стручна служба,

директор, родители, ученичка заедница, ученици од I до IX одделение со цел развивање на чувства за хуманост, солидарност;

-собирна акција (играчки, сликовници) од одделенски раководители, стручна служба, директор, родители со ученици од од I до V одделение со цел развивање на чувства за хуманост, солидарност**;**

**- општествени:**

- Одбележување на 8 Септември - Денот на независноста на Република Македонија;
- Одбележување на 11 Октомври - Денот на востанието на македонскиот народ;
- Членовите на историската секција изработија Проектна активност за 23 Октомври ден на македонската револуционерна борба – објавено на you tube;
- свечен прием на првачињата во училиштето;
- во рамките на одбележувањето на „Детската недела“ на тема „Јас и светот околу мене“ ученици од 1 до 9 одделение учествуваа на приредбата во училиштето;
- Литературно читање по повод 24.05.2024 денот на словенските просветители за ученици од 1 до 3 одделение;
- Ученици од 4 до 9 одделение во посета на Собрание на Република Македонија на 22.04.2024 година;
- Посета на пекара Софи од учениците од 1 одделение на 08.04.2024 година;
- Одбележување на Меѓународен ден на детската книга на 04.04.2024
- Одбележување на светскиот ден на лица со епилепсија;
- Одбележување денот на жената 08.03.2024 година.

По повод детската недела учениците посетија институции во градот и околината и одржаа работилници под мотото „Јас и светот околу мене“ .

- **1 одделение** – Посета на Билблиотека Феткин Кавадарци, прошетка во парк „Другаруваме и уживаме“;
- **2 одделение** – Посета на фабриката Накома за производство на локум и текстилна индустрија „Тефи Текс“.
- **3 одделение** – Посета на детски клон Ваташки цветови и работилница за игри без граници бзаедно со децата од градинката;
- Посета на печатница„БСП – Флексо“ Кавадарци
- **4 одделение** Посета на Полициска станица Кавадарци и изложба на возилата и опремата на ПС-ОН Кавадарци,
- Гимнастичка игровна активност„Летачки обрач“.
- **5 одделение** – Работилница за изработка на флаери за правата и обврските на учениците,
- Посета на Медиум КТВ телевизија,
- Од 1 до 5 одделение учествуваа во активност во училишниот двор во соработка со вработени во Противпожарната станица од Кавадарци;
- Одбележување на денот на вооруженото востание на македонскиот народ 11 октомври;
- Новогодишна приредба со ученици од 1 до 6 одделение;
- Одиме на театар „Убавицата и сверот“ на 26.04.2024 година;
- Одбележување денот на мајчиниот јазик на 21.02.2024 година.

- **еколошки:**
  - садење цвеќиња во училиштето;
  - одржување на училишниот двор;
  - собирање пластични шишиња;
  - Ден на планетата земја – работилница со ученици од 1 одделение;
  - Здрава храна – здраво дете – работилница во 1 одделение по повод 7 април – светски ден на здравјето;
  - Пролетта ни дојде – работилница од 4 одделение на 21.03.2024;
  - Еко патрола – Чувајте ја природата чиста на 21.03.2024 година;
  - Засадување дрва за поубава иднина- ученици од предметна настава;
  - Одбележување на светски ден на водата – Водата вреди и треба да се штеди на 22.03.2024;
  - Засадување дрво на генерацијата 22.03.2024 година;
  - Одбележување светски ден на екологијата 22.03.2024 година
  - "Најубавото Сонце" од учениците на часот по ФЗО секако и еко активност за околина без отпад;

**-волонтерски:**

- Едукација на ученици од 8 и 9 одделение за прва помош од страна на Црвен крст Кавадарци;
- Едукација на ученици од 8 и 9 одделение за Превенција од болести на зависност(наркоманија, пушење и алкохолизам);
- Едукација и превенција од употреба на пиротехнички стедства од страна на стручната служба и Црвен крст Кавадарци;
- Работилница за заштита од трговија со луѓе од страна на стручната служба и Црвен крст Кавадарци;
- На 16 јуни по повод одбележување на 81 години од смртта на 12 другари, ученичка од 8 одделение учестувуваше со рецитал „Македонска судба клета“.

Во рамките на **општествено - корисна и хуманитарна работа на учениците, како и грижа за здравјето на учениците** организирани се следните активности:

- Активности за одржување на општа хигиена во училницата и училишниот двор- септември;
- Учество во хуманитарна акција „Помислете и на нас“ по повод „Денот на гладта“ (донирање на парични средства со цел да се набават пакети со храна) 03.11.2023 година;
- Украсување на училницата со цртежи, лични творби на учениците - октомври;
- Присуство на фестивал „Златно славејче“ на ден 17.11.2023 година;
- Активности за одбележување на Меѓународниот ден на мирот, под мотото „Мир за сите деца во светот“;
- Учество во манифестацијата Тиквешки гроздобер - Детски карневал;
- Сообраќајно-воспитно предавање на тема „Безбедно доаѓање и заминување од училиштето“ од страна на инспектори од кавадаречката полиција;

- 10-декември - Светски ден на правата на човекот и на правата на децата, презентација за човекови права;
- Учество во хуманитарна акција - Донирање на парични средства за лекување на болно дете;
- Изработка на украсни предмети по повод Нова година;
- Учество во училишна приредба по повод новогодишните празници - 27.12.2023 и други активности.
- Симулација за земјотрес реализирана на ден 24.11.2023 година со сите ученици и вработени;

- **Акции организирани од Црвен крст**
- Во организација на Црвен крст на Република С. Македонија, Општинска Организација Кавадарци се одбележа Неделата на борба против ракот под мотото "Заедно во борба против ракот";
- Одбележување недела на борба против туберкулоза;
- Одбележување недела хигиенизација;
- Одбележување недела на борба против срцевизаболувања;
- Обука за прва помош;
- Едукативна работилница за ученици од 8 и 9 одделение на тема „Превенција од болести на зависност(наркоманија, алкохолизам, пушање";
- Учество во проект за промоција на хумани вредности организиран од Црвен крст Кавадарци;

**Спортски активности:**

- По повод недела на мобилноста и ден без автомобили учениците од ООУ„Димката Ангелов Габерот''-Ваташа, учествуваа во спортски активности заедно со наставникот по физичко образование Анѓел Василев;
- Општински натпревар по ФЗО во голем фудбал со ученици од 8 и 9 одделение;
- Општински натпревар во мал фудбал со ученици од 6 и 7 одделение и освоија второ место;
- Учество на ученици на отварање на Памп трака организирано од Општина Кавадараци;
- Активност со ученици на Адреналински парк во Кавадарци;
- Планинарење, рекреација на месноста Михајлово;
- Сите на велосипед – активност реализирана на 30.05.2024 година;

ООУ ДИМКАТА АНГЕЛОВ - ГАБЕРОТ
ВАТАША

**Ученичките натпревари** се планираат со Годишната програма за работа на училиштето и имаат за цел да го поттикнуваат развојот на личноста на ученикот, да придонесуваат за развивање на натпреварувачки дух, како и зближување на ученици од различни средини.

**Во учебната 2023-2024 се реализирани следните натпревари:**

- **Природни науки**
- Општински натпревар - Натпреварот се одржа на ден : **23.02.2024год. петок** во ООУ Димката Ангелов Габерот с.Ваташа-Кавадарци (онлајн) Од нашето училиште на натпреварот учествуваа вкупно **15 ученици** - (3-6одд-, 4- 5одд- и 8- 4одд ). Постигнати се следните резултати:

| **Име и презиме на ученикот** | **одд** | **Освоена награда** | **ментор** |
|---|---|---|---|
| Марија Аризанова | VI | I | Весна Митова |
| Христијан Ристов | VI | II | Весна Митова |
| Зоран Бошкоски | VI | III | Весна Митова |
| Илија Мукаетов | V | I | Весна Митова |
| Теа Костова | V | I | Весна Митова |
| Јасмина Ѓорѓиова | V | II | Весна Митова |
| Милан Шумановски | V | II | Весна Митова |
| Трајче Арсов | IV | II | Анета Николова |
| Галина Дишлиевска | IV | II | Анета Николова |
| Ана Марија Петрова | IV | учество | Анета Николова |
| Ангел Темелков | IV | III | Јорданка Цекова |
| Симона Данова | IV | III | Јорданка Цекова |
| Петар Пешиќ Стојанов | IV | III | Јорданка Цекова |
| Лили Тодоров | IV | III | Јорданка Цекова |
| Ванеса Димитриова | IV | пофалница | Јорданка Цекова |

**Сите ученици(освен Ана Марија Петрова) се пласираа на регионален натпревар по Природни науки**

**Природни науки**

- Регионален натпревар - Натпреварот се одржа на ден : **05.04.2024год. петок** во ООУ Димката Ангелов Габерот с.Ваташа-Кавадарци (онлајн) Од нашето училиште на натпреварот учествуваа вкупно **14 ученици** - (3-6одд-, 4- 5одд- и 7- 4одд ). Постигнати се следните резултати:

| **Име и презиме на ученикот** | **одд** | **Освоена награда** | **ментор** |
|---|---|---|---|
| Марија Аризанова | VI | III | Весна Митова |
| Христијан Ристов | VI | III | Весна Митова |
| Зоран Бошкоски | VI | пофалница | Весна Митова |
| Илија Мукаетов | V | III | Весна Митова |
| Теа Костова | V | III | Весна Митова |
| Јасмина Ѓорѓиова | V | III | Весна Митова |
| Милан Шумановски | V | учество | Весна Митова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Трајче Арсов | IV | III | Анета Николова |
| Галина Дишлиевска | IV | III | Анета Николова |
| Ангел Темелков | IV | пофалница | Јорданка Цекова |
| Симона Данова | IV | пофалница | Јорданка Цекова |
| Петар Пешиќ Стојанов | IV | пофалница | Јорданка Цекова |
| Лили Тодоров | IV | пофалница | Јорданка Цекова |
| Ванеса Димитриова | IV | учество | Јорданка Цекова |

**Нема ученици кои се пласираа на државен натпревар по Природни науки.**

**Биологија**

- <u>Општински натпревар</u> - Натпреварот се одржа на ден : **16.02.2024год. петок** во ООУ Димката Ангелов Габерот с.Ваташа-Кавадарци (онлајн). Од нашето училиште на натпреварот учествуваа вкупно
- **7 ученици** - (2- 7одд-, 2- 8одд- и 3- 9одд ). Постигнати се следните резултати:

| Име и презиме на ученикот | одд | Освоена награда | ментор |
|---|---|---|---|
| Ангела Ѓорѓиева | VII | III | Весна Митова |
| Андониа Пењушкова | VII | III | Весна Митова |
| Мила Муцунска | VIII | III | Весна Митова |
| Стефанија Ангелкова | VIII | II | Весна Митова |
| Цветанка Аџиова | IX | II | Весна Митова |
| Мери Димова | IX | III | Весна Митова |
| Благица Ангелкова | IX | II | Весна Митова |

**Сите учесници се пласираа на регионален натпревар по Биологија**

**Биологија**

- <u>Регионален натпревар</u> **-** Натпреварот се одржа на ден : **29.03.2024год. петок** во ООУ Димката Ангелов Габерот с.Ваташа-Кавадарци (онлајн) Од нашето училиште на натпреварот учествуваа вкупно **7 ученици** - (2- 7одд-, 2- 8одд- и 3- 9одд ). Постигнати се следните резултати:
-

| Име и презиме на ученикот | одд | Освоена награда | ментор |
|---|---|---|---|
| Ангела Ѓорѓиева | VII | I | Весна Митова |
| Андониа Пењушкова | VII | I | Весна Митова |
| Мила Муцунска | VIII | II | Весна Митова |
| Стефанија Ангелкова | VIII | II | Весна Митова |
| Цветанка Аџиова | IX | III | Весна Митова |
| Мери Димова | IX | III | Весна Митова |
| Благица Ангелкова | IX | III | Весна Митова |

**Ученичките Ангела Ѓорѓиева, Андониа Пењушкова, Мила Муцунска и Стефанија Ангелкова се пласираа на државен натпревар по Биологија**

**Биологија**

- <u>Државен натпревар</u> **-** Натпреварот се одржа на ден : **08.06.2024год. сабота** во просториите на ПМФ-Скопје со физичко присуство. Од нашето училиште

на натпреварот учествуваа вкупно **4 ученици** - (2- 7одд-, 2- 8одд. ). Постигнати се следните резултати:

| **Име и презиме на ученикот** | **одд** | **Освоена награда** | **ментор** |
|---|---|---|---|
| Ангела Ѓорѓиева | VII | III | Весна Митова |
| Андониа Пењушкова | VII | III | Весна Митова |
| Мила Муцунска | VIII | III | Весна Митова |
| Стефанија Ангелкова | VIII | III | Весна Митова |

**Математика**

- Општински натпревар **-** Натпреварот се одржа на ден : **02.02.2024 год. сабота** онлајн. Од нашето училиште на натпреварот учествуваа вкупно **12 ученици** - (4 одд, до 8 одд. ). Постигнати се следните резултати:

| **Име и презиме на ученикот** | **одд** | **Освоена награда** | **ментор** |
|---|---|---|---|
| Бојан Ташев | IV | Прва награда | Јорданка Цекова |
| Димитар Јованов | IV | Втора награда | Јорданка Цекова |
| Христина Чакреска | IV | Прва награда | Анета Николова |
| Теа Костова | V | Прва награда | Валентина Димова |
| Илија Мукаетов | V | Прва награда | Валентина Димова |
| Милан Шумановски | V | Прва награда | Валентина Димова |
| Јасмина Ѓорѓиева | V | Прва награда | Валентина Димова |
| Никола Митков | VI | Трета награда | Христијан Најдовски |
| Атанасе Анѓелков | VI | Учество | Христијан Најдовски |
| Јелена Станкова | VII | Втора награда | Александра Кузманова |
| Златко Димов | VII | Трета награда | Александра Кузманова |
| Мелани Јованова | VIII | Втора награда | Александра Кузманова |

**Математика**

- Регионален натпревар **-** Натпреварот се одржа на ден : **02.02.2024 год. сабота** онлајн. Од нашето училиште на натпреварот учествуваа вкупно **12 ученици** - (4 одд, до 8 одд. ). Постигнати се следните резултати:

| **Име и презиме на ученикот** | **одд** | **Освоена награда** | **ментор** |
|---|---|---|---|
| Бојан Ташев | IV | Пофалница | Јорданка Цекова |
| Димитар Јованов | IV | Пофалница | Јорданка Цекова |
| Христина Чакрески | IV | Трета награда | Анета Николова |
| Теа Костова | V | Учество | Валентина Димова |
| Илија Мукаетов | V | Учество | Валентина Димова |
| Милан Шумановски | V | Учество | Валентина Димова |
| Јасмина Ѓорѓиева | V | Учество | Валентина Димова |
| Никола Митков | VI | Трета награда | Христијан Најдовски |
| Јелена Станкова | VII | Учество | Александра Кузманова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Златко Димов | VII | Учество | Александра Кузманова |
| Мелани Јованова | VIII | Учество | Александра Кузманова |

**Математика**

- **Натпревар ПИ ДЕН Математика**

| Име и презиме на ученикот | одд | Освоена награда | ментор |
|---|---|---|---|
| Андониа Пењушкова | VII | Прво место | Александра Кузманова |

**Географија**

- Општински натпревар **-** Натпреварот се одржа на ден : **18.02.2024год. сабота** онлајн. Од нашето училиште на натпреварот учествуваа вкупно **6 ученици** - (7одд, 9одд. ). Постигнати се следните резултати:

| Име и презиме на ученикот | одд | Освоена награда | ментор |
|---|---|---|---|
| Јаков Јаковлевски | VII | Учество | Миле Мукаетов |
| Андониа Пењушкова | VII | I | Миле Мукаетов |
| Јелена Станкова | VII | Учество | Миле Мукаетов |
| Мери Димова | IX | Учество | Миле Мукаетов |
| Благица Ангелкова | IX | Учество | Миле Мукаетов |
| Латифа Алимова | IX | Учество | Миле Мукаетов |

**Географија**

- Регионален натпревар **-** Натпреварот се одржа на ден : **16.03.2024год. сабота** со физичко присуство во ОУ Пере Тошев во Росоман. Од нашето училиште на натпреварот учествуваше 1 **ученик** - (7одд ). Постигнати се следните резултати:

| Име и презиме на ученикот | одд | Освоена награда | ментор |
|---|---|---|---|
| Андониа Пењушкова | VII | учество | Миле Мукаетов |

**Прва помош**

- Регионален натпревар **-** Натпреварот се одржа на ден : 26.04.2024 **петок** во просториите на СС Партизан, Кавадарци. Од нашето училиште на натпреварот учествуваа 6 **ученички.** Постигнати се следните резултати:

| Име и презиме на ученикот | одд | Освоена награда | ментор |
|---|---|---|---|
| Мери Димова | IX | Трета награда | Стојне Кимова |
| Цветанка Аџиова | IX | Трета награда | Стојне Кимова |
| Валерија Плачкова | VIII | Трета награда | Стојне Кимова |
| Верица Коцева | VIII | Трета награда | Стојне Кимова |
| Мила Муцунска | VIII | Трета награда | Стојне Кимова |
| Александра Лазарова | IX | Трета награда | Стојне Кимова |

**Здравствена грижа**

Во училиштето се реализира работилници за унапредување на менталното и емоционалното здравје чија цел беше личноста на ученикот да знае како да се справува со секојдневни стресни ситуации, да знае како да се доживува себеси и другите, да знае како да се справува со негативните емоции, како на пример: нервоза, чувство на осаменост, чувство на беспомошност, што е неизоставен дел од емоционалниот развој на секој човек. Преку овие работилници учениците се стекнуваа со социјални вештини за успешно справување со животните предизвици.

Во делот на превентивно делување на зависностите и подигање на свеста за грижа на здравјето и квалитетот на сопствениот живот на учениците, психологот и педагогот на училиштето реализираа проекти и работилници на теми со вклучување на стручни лица од неколку области, како за учениците, така и за наставниците.

-Стручната служба посредуваше во организирање и проследување на информациите за спроведување на задолжителните стоматолошки и систематски прегледи.

Континуираната соработка со Службата за детска и превентивна стоматологија се реализираше во неколку термини за учениците во I и IV одделение на темите: „Оддржување на правилна орална хигиена„ и „Редовна посета на стоматолог и употреба на флуориди во превентивни цели„.

**Подолготрајни воннаставни активности**

- секции/клубови

Во рамките на нашето училиште ги има следните видови на секции:

- секции за проширување/продлабочување на содржините од наставните предмети/ области
- секции за поддршка на други воннаставни интереси на учениците
- секции за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците
- спортско-рекреативни секции

На крајот на учебната година училиштето, преку наставниците, стручните соработници и со непосредно учество на ученичките тела спроведува анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/темите за секциите што се реализирале во следната учебна година. Анкетата е наменета за учениците и за родителите кога се работи за ученици од I - III одделение. На огласната табла и на веб-локацијата на училиштето во самиот почеток на учебната година се објавува список на секциите што се предвидени со Годишната програма за работа на училиштето.

Секции кои се реализираа оваа учебна година се:

| Воннаставна активност(секција) | Одделение | Број на ученици | Наставници реализатори |
|---|---|---|---|
| Музичка секција | II | 21 ученик | Добринка Ласкова и Македонка Ш.Мицова |
| Драмско-рецитаторскасекција | Од V, VI и VII | 12 ученици одделенска настава<br>15 ученици предметна настава | Гордана Велкова<br><br>Наставници по македонски јазик |
| Литературна секција | Од III и V | 2 ученици | Наставници по македонски јазик |
| Историска секција | Од VI до IX | 25 ученици | Моника Василевска |
| Ликовна секција | Од III до VIII | 17 ученици одделенска настава<br>13 ученици предметна настава | Одделенска настава Ана Карадакова<br><br>Предметна настава Горан Боев |
| Англиски јазик | VII и VIII<br>II и IV | II и IV – 3 ученици<br>VII – 15ученици<br>VIII – 5 ученици | Актив на наставници по Англиски јазик |
| Географска секција | VIII и IX | 8 ученици предметна | Миле Мукаетов |
| Математичка секција | III до IX | 46 ученици одделенска настава<br><br>10 ученици предметна настава | Одделенска настава Јорданка Цекова, Анета Николова и Златка Окардова<br>Предметна настава<br>Актив на наставници по математика |
| Германски јазик | VI и VIII | 3 ученици | Зорица Карова |
| Музичка секција | IV до VII | 10 ученици | Наставник по музичко образование Добре Паризов |
| Планинарење | VIII и IX | 21 ученик | Ангел Василев - прво полугодие |
| Фудбал | III,VI, VIII | 12 ученици | Ќиро Толев - второ полугодие |
| Велосипедизам | IX | 10 ученици | Ангел Василев - второ полугодие |
| Кошарка | III,VI, VII | 22 ученици | Ќиро Толев - прво полугодие |
| Сообраќајна секција | VI | 5 ученици | Софија Соколова |
| Млади хемичари /биолози/еколози | VI и IX | | Илинка Златева |

Одговорните наставници по одредена секција прават планирање во кое се содржани следните елементи: име/назив на секцијата, возраст и број на ученици, одговорен наставник, теми/подрачја, цели, временска рамка, потребни простории/услови, неопходни средства, начин на следење учество. Секциите се одржуваат 1 неделно во текот на едно цело полугодие или преку текот на целата учебна година. Реализацијата на секциите се евидентира во електронскиот дневник во делот за слободни ученички активности.

### *III.9 Проект за еколошка интеграција во образованието*

-Во планирањата на наставниците преку наставните содржини се имплементираа Еко-стандардите според предвидените точки на акција од „Проектот за еколошка интеграција во образованието„
Преку соработка со наставниците, учениците, родителите и координација на стручната служба на училиштето се организираат низ еколошки активности континуирано во текот на целата учебна година:

- **Септември**
  Одбележување светски ден на екологијата
- **Декември**
  Чиста училница – добро здравје
- Февруари
  Одбележување на светски ден за зачувување на мочуриштата
- **Март**
  Одбележување светски ден на енергетска ефикасност
  Одбележување меѓународен ден на реките
  Одбележување на денот на пролетта
  Одбележување денот на екологијата
  Одбележување светски ден на шумата
  Одбележување светски ден на водата
- **април**
  Хортикултурно уредување на училишниот двор.
  Меѓународен ден на пожарникарите
- **Мај**
  Одбележување на денот на планетата Земја
  Одбележување насветски ден на птиците и дрвјата

ООУ ДИМКАТА АНГЕЛОВ - ГАБЕРОТ
ВАТАША

**РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС+**

## Проект: PAW (2021-2024)

Во рамки на Еразмус+ програмата во училиштето беа организирани и реализирани низа активности и виртуелни средби во учебната 2023-2024 година. Учениците и наставниците беа активно вклучени во активностите на проектот, изработуваа истражувања и презентации на теми поврзани со целите на проектот, креираа свои изработки и ги презентираа пред останатите ученици и наставници од другите училишта вклучени во проектните активности, учествуваа на виртуелни средби во кои се запознаа со профилите на училиштата, нивните наставници и ученици, учеа за добри практики во образованието од искуството на учениците и наставниците од другите партнерски училишта. Воедно се создадоа услови да се патува надвор од Македонија во училиштата кои се партнери на проектот и се изведоа 2 мобилности со наставници во Грција. Во првата мобилност во Флорина, Грција се вклучија 5 наставници од нашето училиште. Во втората мобилност во Атина, Грција се вклучија 5 наставници. Вкупно оваа година во мобилностите учествуваа 10 наставници. За дисеминација за реализираните активности и виртуелни обуки се прикачени информации на официјалните страници на проектите. Во текок на цела учебна година беа организирани и редовни координативни состаноци на наставниците од партнерските училишта со цел да се организираат активностите и обуките редовно и тековно. Наведениот проект според планираната програма требаше да заврши до крајот на учебната година, но, по иницијатива на координаторите и во заеднички договор со останатите проектни партнери, времетраењето се пролонгира до крајот на декември 2024 година со тоа што овој проект продолжува да се имплементира и наредната учебна година.

### IV. Извештај за работата на ученичкиот парламент во учебната 2023/2024 година.

Ученичкиот парламент е формиран од претставници на ученици од 4 до 9 одделенеие во училиштето од одделенска и предметна настава и има вкуоно 24 ученици. Како и претходните учебни години и оваа учебна година е формиран ученички парламент на ниво на училиште.

За таа цел изработена е Годишна програма за работа распределена по месеци за цела учебна година. Како координатор на работата на учениците на ученичкиот парламент во смисла на давање насоки и помош е одреден училишниот психолог Стојна Кимова . Координаторот ќе биде повикуван на состаноците на Ученичката заедница тогаш кога ќе има потреба од дополнителна советодавна помош.

Членови на Училишниот парламент и тоа се Мила Муцунска од 8а одделение и Стефанија Ангелкова од 8б одделение. Претседател е Цветанка Аџиова од 9б одделение, заменик претседател е Мила Муцунска од 8а одделение.

Во учебната година се оддржуваа редовни средби, за што е евидентирано во записници. Претставниците на училишниот парламент беа на обука за прва помош. Членовите на училишниот парламент беа редовно вклучени во вите хуманитарни и еко акции кои се организираа во училиштето.

## V. Извештај за работа на училишниот иклузивниот тим во учебната 2023/2024година

Согласност Годишната програма за работа на училишниот инклузивниот тим на учениците со посебни образовни потреби и тим за инклузија на ученик во учебната 2023/2024 година се реализирани следните активности:

- Изготвување на годишната програма за работа на училишниот инклузивен тим.
- Идентификација и регистрација на учениците при упис во 1 одделение со приложен Наод и мислење за процена на специфичните потреби;
- Запознавање на родителите со Центарот за функционална проценка и подршка на деца и младинци –МКФ;
- Разговори со стручните соработници со наставниот кадар;
- Разговори со родителите (советодавни разговори);
- Разговори со учениците;
- Разговор со образовен асистент
- Формирање на база на податоци на учениците со ПОП;
- Формирање на тим за инклузија на ученик;
- Изготвување на ИОП;
- Изготвување на Модифицирана програма;
- Обезбедување на дополнителна поддршка согласно потребите на учениците;
- Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на учениците;
- Советување на учениците за прифаќање на учениците со ПОП, во насока на почитување на различностите, зголемување на нивото на толеранција и рушење на предрасуди;
- Опсервција, следење, разговори, работилници и успехот на учениците со ПОП;
- Планирање и следење на учениците со ПОП во наставата (следење и адаптација, клима во одделението и напредокот на учењето);
- Активно вклучување на учениците со ПОП во наставните и воннаставните активности во училиштето и локалната заедница;
- Редовни контакти со родителите и нивно информирање за постигањата и потешкотиите кои ги има ученикот со ПОП;
- Комуникација со инклузивните тимови од основните училишта и обезбедување на трансфер на информации за напредокот на ученикот со ПОП;
- Водење на ученичко досие на ученикот со ПОП;
- Евиденција на успехот, редовноста и поведението на учениците со ПОП на полугодие, крај на наставна година;

***VI. Бројна сосотојба на учениците и постигања на учениците***

Во учебната 2023/2024 опфатени се вкупно 258 ученици од кои 200 македонци, 58 роми. Формирани се вкупно 18 паралелки и тоа: од прво до петто одделение 10 паралелки и од шесто до деветто одделение – 8 паралелки т.е по 2 паралелки за секое одделение.

***<u>ПРЕГЛЕД</u>***

На вкупниот број на ученици во чисти паралелки и број на паралелки во учебната 2023/2024 година

| Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I-IX | | I | | II | | III | | IV | | V | | I –V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | VI-IX | |
| п | У | п | у | п | у | п | у | п | у | п | у | п | у | п | у | п | у | п | у | п | У | п | у |
| 18 | 258 | 2 | 32 | 2 | 42 | 2 | 23 | 2 | 29 | 2 | 26 | 10 | 152 | 2 | 34 | 2 | 24 | 2 | 25 | 2 | 23 | 8 | 106 |

***VII. Изостаноци во учебната 2023/2024 година***

Во оваа учебна година вкупно изостаноци се **14015** од кои **оправдани** изостаноци се **12418**, а неоправдани се **1597.** Во просек од вкупниот број на изостаноци се 54 изостаноци по ученик.

Во одделенска настава најголем број на оправдани изостаноци има во 2б одделение 1225, а најмал има во 3б одделение 124.

Во предметна настава најголем број на оправдани изостаноци има во 6б одделение 1354, а најмал број има во 7б одделение 414.

Во одделенска настава најголем број неоправдани изостаноци има 3б одделение 331, 1б, 2а и 5а одделение немаат неоправдани изостаноци.

Во предметна настава најголем број неоправдани изостаноци има во 9а одделение 266, а најмалку има во 6а одделение 12 неоправдани изостаноци.

***VIII. Поведението на учениците во учебната 2023/2024 година***

| ПОВЕДЕНИЕ | | |
|---|---|---|
| ПРИМЕРНО | ДОБРО | НЕЗАДОВОЛИТЕЛНО |
| 254 | 3 | 1 |

Во учебната 2023/2024 година од вкупно 258ученици со примерно поведение се 254 ученици од кои 135 машки и 119 женски, со добро поведение се 3 од кои 1 машко и 2 женски и незадоволително 1 машко. Од примерно на добро и од добро на незадоволително им е намалено поведението на учениците кои неоправдано отсуствуваат од настава и се неодговорни кон наставата и наставниот процес.

## IX. Испишани и придојдени ученици во учебната 2023/2024 година

Во учебната 2023/2024 година се испишани следните ученици:

- Анастасија Стоименова 4 одделение на 01.12.2023 година е запишана во ООУ„Гоце Делчев“ Кавадарци,
- Бојана Кузевска од 8 одделение на 29.12.2023 година е запишана во ООУ„Кирил и Методиј„ Свети Николе,

Поради заминување во странство се испишани следните ученици:

- Медине Топлица од 9 одделение – замината во Германија;
- Расим Мустафов од 6 одделение – заминат во Германија;
- Негие Мустафова од 9 одделение – замината во Германија;
- Хасрет Синанова од 2 одделение – замината во Германија;
- Мемет Јусуфов од 4 одделение – замината во Германија;
- Есма Јусуфова од 3 одделение – замината во Германија;

Во текот на учебната 2023/2024 г. во ООУ„Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа запишани се следните ученици:

- Марија Златева во 2 одделение од ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци,
- Мартин Златев во 7 одделение од ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци,

По враќањето од странство запишани се следните ученици:

- Брајан Хоти 7а одделение;
- Уснија Сејфулова 6 одделение;

## *X. Успех и оценување кај учениците во учебната 2023/2024 година*

Во ООУ„Димката Ангелов Габерот„ с.Ваташа на одржаниот Наставнички совет на ден 17.06.2024 година се утврди реализацијата на наставата, успехот и поведението на учениците во учебната 2023/2024 година.

Учениците се оценети согласно Закон за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/19 од 05.08.2019 год.).

Учениците од I до IX одд. се оценети, а свидетелства за постигнатиот успех ќе добијат на ден 28.06.2024 година.

Учениците од I до III односно првиот мерен период се описно оценети и учениците/родителите се известени од страна на одделенските родители за постигнатиот успех со описни оцени. Родителите за успехот во учебната 2023/2024 година се известени на родителски состаноци три дена по одржаните одделенски совети. Од годишните извештаи на наставниците и направената анализа за оценети ученици во нашето училиште од вклуниот број ученици 258 описно се оценети 97 ученици, од кои со високо ниво се оценети 53 ученици, со средно ниво 28 ученици и ниско ниво 16 ученици.

Прилог: табела

| Високо ниво | Средно ниво | Ниско ниво | Неоценети | Вкупно од 1 до 3 |
|---|---|---|---|---|
| 53 | 28 | 16 | 0 | 97 |

Од годишните извештаи на наставниците и направената анализа за оценети ученици во нашето училиште учениците од IV до IX одд. односно учениците од вториот и третиот период се бројчано оценети во учебната 2023/2024. Од вкупно 161 ученици кои се оценуваат бројчано одлични има 78 ученици, мн.добри 36 ученици, добри 39 ученици, доволни 7, а 1 ученик го повторува 7 одделение.

Прилог- табела

| одлични | Мн.добри | добри | доволни | Повторени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 78 | 36 | 39 | 7 | 1 | 161 |

Успехот на учениците што се оценуваат бројчано е вкупно 161 од кои 1 ја повтори учебната година.
-одличен успех постигнале 78 ученици -30%; машки 32, женски 46;
-многу добар успех постигнале 36 ученици – 14%; машки 20, женски 16;
-добар успех постигнале 39 ученик - 15 %; машки 30, женски 9;
-доволен успех постигнале 7 ученици – 3%; машки 2, женски 2.
-повторени 1 ученик - машко;

Успехот на учениците кои се оценуваат бројчано на крајот од учебната година на ниво на училиште изнесува 4,2, минатата учебна година 4,3 по што се забележува дека нема голема разлика во среден успехот на учениците.

## *XI. Педагошки мерки*

Во учебната 2023/2024 на 30 ученици им се изречени педагошки мерки и тоа 30 усна опомена, 9 писмена опомена и 4 Укор од Наставнички совет. Поведението им е намалено на 3 ученици кои неоправдано отсуствуваа од настава.

Во поглед на половата застапеност од вкупниот број на изречени педагошки мерки 7 се од женски, додека останатите 23 се од машки пол.

Во Однос на етничката припадност педагочки мерки се изречени на 17 роми и 13 македонци.

Изречените педагошки мерки се повеќе кај учениците кои неодговорно и неоправдано непосетуваат настава и несоодветно однесување за време на часовите и на одморите.

Прилог:Табела

| Усна опомена | Писмена опомена | Укор од НС | Преместување во друга паралелка | Намалување на поведение |
|---|---|---|---|---|
| 29 | 8 | 4 | / | 3 |

За секоја изречена педагошка мерка се води разговор со ученикот и родителот, а родителот и писмено се известува за изречената педагошка мерка.

За учениците кои покажале послаби резултати во учењето, покажале несоодветно однесување во училиштето или нередовно посетуваат настава, како и за нивните родители согласно ЗОО член 76 и 77 се спроведе Советување според Програмата за советување на ученици и родители.

**Со цел подобрување на успехот, редовноста и поведението на учениците, училиштето реализираше повеќе активности:**

- советодавни разговори со учениците од страна на наставниците и стручните соработници во училиштето;
- примена на методи и техники кои ќе ги поттикнуваат учениците на учење и учење на далечина;
- реализирање дополнителна настава со ученици кои имаат потреба од истата;
- индивидуални и општи родителски средби;
- советување со родители на ученици кои во текот на учебната година покажаа намален успех;
- советување со родители на ученици кои не ја посетуваат редовно наставата и кои во текот на оваа учебна година имаат повеќе од 10 неоправдани изостаноци или 100 оправдани изостаноци;
- консултативни средби на наставниците по стручни активи со цел анализа на постигнатите резултати и унапредување на воспитно-образовниот процес;
- индивидуална работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето;

Целокупните податоци добиени со сумирање на постигнатите резултати претставуваат основа за продолжување на континуитетот на позитивните резултати, како и подобрување на одредени сегменти во воспитно-образовната дејност.

Училиштето и понатаму, како и во својата досегашна работа, ќе има за приоритет остварување на континуирана соработка меѓу целиот воспитно-образовен и стручен кадар, родителите и учениците, советување на родители на ученици кои не ја посетуваат редовно наставата со цел подобрување на редовноста на учениците и советување со родители на ученици кои покажуваат намален успех во учењето.

## *XII.Учење, настава и оценување*

Планирањето, организацијата и реализацијата на Наставата во училиштето е согласно Законот за основно образование, Наставниот план за деветгодишно основно образование и Наставните програми по одделенија и наставни предмети во учебната 2023/2024 година.

За успешна реализација на наставата наставниците имаат изработено годишни, тематски планирања и подготовки за наставен час, кои ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставните

содржини. Годишните планирања се изработуваат по новата концепција за основно образование.

Планирањата на наставниците содржат утврдени цели/стандарди на наставата, очекувани исходи од учењето и оценување на постигањата на учениците.

Планирањата на наставниците се следат од страна на директорот и педагогот. Во текот на оваа учебна година реализирани се увиди во тематските и дневните планирања на наставниците, како и посета на наставен час, за што секој наставник доби записник од извршената посета со предлог мерки за подобрување на квалитетот на наставата.

При реализацијата на наставниот процес наставниците користат разновидни форми и методи за работа со учениците (индивидуална работа, работа во парови, работа во мали групи, работа со цела паралелка), почитувајќи ги индивидуалните способности за учење на секој ученик. Се применуваат различни интерактивни методи за активно вклучување на учениците во наставата и различни приоди за мотивирање на истите.

Во училниците и училиштето се изложени трудови и на учениците и на секој ученик му се дава можност да го изложи свој труд.

За време на часот, наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања, да изведуваат заклучоци за она што го учат односно учениците да бидат активно вклучени во наставата.

Наставниот кадар и стручната служба систаматски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и потешкотиите во процесот на учење и преземаат активност за нивно отстранување. За надминување на овој проблем наставниците во наставата применуваат различни интерактивни техники кои им овозможуваат на учениците да научат најмногу што можат.

И во оценувањето наставницитте користат различни техники со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум.

Оценувањето претставува составаен дел на наставниот процес (на учењето и на наставата) и училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците.

Со цел обезбедување на времени и релевантни показатели за учењето и постигањата на учениците, оценувањето е планирано во Годишната програма за работа на училиштето и во планирањата на наставниците. Оценувањето на учениците наставниците го планираат во своите годишни, тематски и дневни планирања со методи, постапки, инструменти и критериуми за оценување на постигањата на учениците.

Оценувањето како дел од наставата претставува процес на собирање и интерпретирање на информации за учењето и постигањата на учениците кои се користат за:

- информирање на учениците и на нивните родители за напредокот во совладување на знаењата, способностите и ставовите;

- обезбедување поддршка на наставниците за да ја модификуваат својата настава;
- информирање на другите надлежни структури кои донесуваат одлуки за образовната политика што се однесува на учениците.

Оценувањето како составен дел од наставниот процес опфаќа неколку аспекти:

- постои јасна врска меѓу целите и содржините на наставата и оценувањето (меѓу она што се учи и поучува и она што се оценува);
- поучувањето, учењето и оценувањето се процеси што се поврзани и обезбедуваат кохерентност во наставата;

Од наставните цели и содржини зависи што ќе се оценува. Од исходите на оценувањето зависи како ќе се одвива наставата и кон какви цели ќе се стреми.
Циклусот на оценувањето се состои од следново:

- одредување и соопштување на образовните цели и исходите од учењето;
- оценување или помагање на ученикот самиот да ги оцени тековните нивоа на разбирањето;
- помагање на ученикот со стратегиите и со неговите способности да ја постигне целта и проверување со извесна комбинација на формативното и сумативното оценување.

Согласно Законот за основно образование, концепцијата за деветгодишно основно образование, Годишната програма за работа на училиштето, стратегиите за следење и оценување на учениците изготвени од воспитно-образовниот кадар во училиштето, постигањата на учениците континуирано се следат и оценуваат.

Учениците се оценуваат по пат на формативно и сумативно оценување. Формативното оценување е оценување заради учење, при што истото има за цел да влијае на учењето. Овој вид на оценување се спроведува на секој час. Сумативното оценување служи за да се оцени наученото ( оценување на крај на темата, полугодие, крај на учебна година). Истото овозможува ученикот, а и родителот да добијат повратна информација за постигнатите резултати од учењето на ученикот.

Во насока за успешно формативно оценување во наставата наставниците ставаат акцент на она што е важно, содржините што ги проучуваат и вреднуваат се насочени кон она што е важно, а не кон споредни детали или факти.

- Запознавање со целите на учењето и очекувани резултати од учењето;
- поставување прашања и задачи низ кои може да се види разбирањето на она што се учи;
- користење на разновидни методи и техники за проверување;
- вкучување на учениците во оценувањето (самооценување и заемно оценување).

Во училиштето ги користат следниве методи и техники за оценување:

- одговори на прашања од наставникот или од самите ученици;
- листи за проверки;

- усни презентации;
- есеи и писмени извештаи;
- проектна работа на учениците;
- портфолија со изработки на учениците;
- квизови и тестови подготвени од наставникот;
- тестови за одредена наставна единица или тема;

Сумативното оценување наставниците го применуваат за сумирање на успехот на ученикот во одреден временски период и истото се евидентира во евидентните листи на секој ученик.

Во наставата особено важно е и сумативното оценување кое обезбедува доверба дека е валидно и објективно. Постојат искуства и начини како да се обезбеди квалитетно сумативно оценување во наставата и наставниците ги применуваа следните карактеристики:

- валидност (проверување на очекуваните резултати од учењето);
- веродостојност (колку оценката ги одразува постигањата на ученикот);
- објектвност во оценувањето (не влијаат други фактори кои не се поврзани со она што се оценува);
- правичност и непристрасност;
- транспарентност и јасност (учениците се запознаени со начинот на оценување).

На крајот од учебната година учениците од прво до трето одделение се оценети описно, а учениците од четврто до деветто одделение се оценети бројчано.

За напредокот на учениците училиштето редовно ги информира родителите на родителски средби во училиштето.

Родителите добиваат и пишани извешатаи со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајчи информации за социјалниот и личнот развој на детето.

Вакви пишани извештаи односнои евидентни листи во учебната 2023/2024 година родителите добија за првото тримесечие, првото полугодие и трето тримесечје по електронски пат и ги потпишуваат директно во електронскиот дневник или печатени за оние родители кои не успеаа електронски да го потпишат евидентниот лист.

### *XIII. Поддршка на учениците*

Училиштето ги има обезбедено сите услови за безбеден престој на учениците во истото. Една од мерките за заштита и безбедност на учениците е почитувањето на куќниот ред на училиштето, придржување до кодексот на однесување на наставници и ученици, како и дежурства на наставниците.

Во училиштето е инсталиран и видео надзор во училиштето.

Училиштето гради политика за ненасилно однесување и во тој контекст реализирани се следните активности:

- изготви интерен протокол за пријавување и подршка на ученик од било која форма на насилство и истиот го почитува;
- изготвување програма за ненасилно однесување;
- информирање на учениците за сите облици на однесување кои се сметаат за психичко, физичко насилство, ментално, семејно насилство, сајбер насилство и сл.;
- за евидентираните појави на насилно однесување училиштето презема активности за надминување на проблемот.

Во училиштето е организирана исхрана за учениците од 1 до 5 одделение од страна на Општина Квадарци.

Во врска со грижата за здравјето на учениците, училиштето ги реализира следните активности:

- обезбедување услови за лична хигиена, дезинфекција, дератизација и хигиена во училиштето;
- грижа за здрава животна средина;
- на часот на одделенската заедница и часот на одделенскиот раководител преку програмата образование за животни вештини се реализираат содржини од темата ,,Јас, здравјето – здраво живеење„
- следи вакцинации и ревакцинации на учениците;
- следи систематски прегледи и стоматолошки прегледи на ученици;
- одбележување на значајни датуми поврзани со здравјето;
- Работилници за здрава храна и др.

Училиштето посветува големо внимание на хигиената која се одружува преку редовно чистење на целиот училишен простор а со цел превенција од заразни болести. Просториите редовно се чистат, дезинфицираат, проветрвуваат...

За постигнување на оваа цел училиштето соработува со родителите локалната заедница и други релевантни институции (здравствени установи, Црвен крст и др.).

***XIV. Професионална ориентација на учениците***

Во делот за Професионалната орентација според однапред изготвена програма на училиштето се делуваше на информираноста и можноста за понатамошното образование на учениците преку анкетирање и посредување во презентации на програмите и профилите кои ги нудат средните училишта од и надвор од градот, давајќи им насоки да ја одберат професијата според нивните потенцијали, интереси и способности.

Традиционално, во месец мај се спроведуваа презентации од средните училишта наменети за учениците во деветтите одделенија, со што се запознаа со наставните програми кои ги нудат профилите на средните училишта.

Од страна на стручната служба се изработија, спроведоа и анализираа прашалници за професионална ориентација на учениците. Во неколку наврати од страна на класните раководители и наставниците се инициraa дебати со учениците од деветто одделение за правилен избор на средното образование, кое ќе биде усогласено со нивните способности и интереси.

### *XV. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР*

Наставниот кадар, стручната служба и директорот поминаа голем број на обуки, семинари и работилници. За професионалниот развој на наставниците наставниот кадар, стручната служба и директорот се води посебна грижа, а ја спроведува Училишниот тим за професионален развој и опфаќа:

- Анкетирање на наставниците за нивните потреби од професионален развој;
- Анализа на обрасците за личен професионален развој;
- Определување на приоритети од професионален развој на наставниот кадар, стручната служба и директорот;
- Изготвување на програма за екстерни-интерни обуки со планирани корисници на обуките;
- Водење на база на податоци за посетени екстерни и интерни обуки, семинари и работилници наставниот кадар, стручната служба и директорот;
- Изготвување на извештаи за посетени екстерни и интерни обуки, семинари и работилници од наставниот кадар, стручната служба и директорот;
- Реализација на интерни дисеминации;

СПРОВЕДЕНИ ОБУКИ И ПРОЕКТИ ВО УЧИЛИШТЕТО

| Име и презиме | Обука | Дата | организтор |
|---|---|---|---|
| Стојна Кимова<br>Фруска Стојанова | Комисија за справување и заштита од дискриминација Отворена средба | 20.09.2023 | ОБСЕ |
| Стојна Кимова | Пристап воден од доживеана траума | 26-27.09.2023<br>17-18.09.2023 | Уницев,сппмд0 |
| Даниела Мукаетова<br>Стојна Кимова<br>Јанушка Милкова<br>Ѓурѓица Косовска | PAW-3rd Transactional Parteners Meeting | 17-18.10.2023 | Erasmus +<br>Malaga Spain |
| Ана Карадакова | Ученици со оштетен слух во мојата училница | 30.11.2023 | ЗОН учител |
| Ана Карадакова<br>Валентина Димова<br>Софија Соколова | Користење на смарт табла | 13.12.23 | МОН и Тримакс |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Александра Бошков<br>Зорица Карова<br>Надица Стрезоска<br>Гордана Велкова<br>Јорданка Цекова<br>Весна Митова<br>Стојна Кимова<br>Александра Јовевска<br>Гордана Ѓорѓиева<br>Македонка Мицова<br>Добринка Ласкова<br>Васка Атанасова | | | |
| Фруска Стојанова<br><br>Стојна Кимова | Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство,кибернасилство и сл. | Декември 2023 | МОН и БРО |
| Фруска Стојанова | Користење на дигитални учебници поставени на интернет платформа | Декември 2023 | МОН |
| Силвана Трајкова | Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | Дкември 2023 | МОН ,БРО ,ЦЕС академија |
| Надица Стрезоска | Стратегии за менаџмент во училница-принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн /виртуелна училница | Декември 2023 | МОН ,БРО ,ЦЕС акаемија |
| Васка Атанасова<br><br>Марија Самарџиева | Медиумска писменост | 16-17.01.2024 | БРО |
| Ана Карадакова<br>Надица Стезоска<br>Македонка Мицова<br>Добринка Ласкова | Емпатија кон надарени и талентирани во образовниот процес | 31.01.2024 | ЗОН учител |
| Ана Карадакова<br>Надица Стрезоска<br>Валентина Димова | Еколошко  образование и климатсак писменост преку експерименални активности | 21.02.2024 | ЗОН учител |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Фруска Стојанова | Местото и улогата на педагозите во подобрување на раaботата на училиштето | 28.02.2024 | Коучинг-Н |
| Надица Стрезоска<br>Македонка Ш.Мицова<br>Добринка Ласкова | Медиумска писменост во ератана вештачката интелегенција | 29.02.2024 | Truth tech |
| Македонка Ш.Мицова | Промоција на тренинг за сајбер безбедност за едукатори дел 1 | 25.04.2024 | СМАРТ АП<br>ЕДУЛАБ |
| Фруска Стојанова<br>Даниела Мукаетова | Унапредување на квалитетот на училиштата преку ревидирана рамка за оценување на квалитетот на училиштата ,самоевалуација и развојно планирање. | 15-16.04.2024 | МОН и ДПИ |
| Јанушка Милкова<br>Даниела Мојсов<br>Софија Соколова | Сеопфатно сексуално образоваание | 18-20.04.2024 | ХЕРА |
| Стојна Кимова | Работилница за унапредување на добросостојбата и менталното здравје на адолсцентите. | 22 i-25.04.24 | МОН,БРО |
| Фруска Стојанова<br>Гордана Ѓорѓиева | Градење на капацитетите за управување со менструалното задравје и хигиена | 22.04.2024 | МОН |
| Надица Срезоска<br>Македонка Ш.Мицова<br>Добринка Ласкова<br>Васка Атанасова | Вебинар-безбедност на пешаците и велосипедистие во сообраќајот. | 22.04.2024 | ЗОН Учител |
| Македонка Ш.Мицова | Промоција на тренинг за сајбер безбедност за едукатори дел 2 | 15.05.2024 | СМАРТ АП<br>ЕДУЛАБ |
| Добринка Ласкова | Protection of animals welfare in school education | 22-23.05.2024 | Erasmus +<br>Athens Greece |
| Александра Бошков<br>Валенина Сенкова<br>Весна Митова<br>Ѓурѓица Косовска | Програма 12<br>Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | 24-25.06.24 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Илија Чипков<br>Миле Мукаетов<br>Моника Василевска<br>Силвана Трајкова<br>Форка Ѓорѓиева<br>Горан Боев | | | |
| Васка Атанасова | Учење преку истаржувачка работа на проекти и решавање проблеми | 27-28.06.2024 | ЗОН учител |
| Стојна Кимова<br>Гордана Ѓорѓиева | Професионална ориентација на учениците:зајакнување на учениците преку самозапознавање и советување за кариререн развој | 08.07.2024 | МОН и БРО |
| Ангел Василев<br>Анета Николова<br>Анета Карадакова<br>Валентина Димова<br>Даниела Мукетова<br>Добринка Ласкова<br>Македонка Ш. Мицова<br>МаријаСамарџиева | Програма 29 наставници<br>Професионална соработка на наставниците(стручни активи,заедници за учење,менторство- | 19-20.08.24 | БРО МОН |
| Стојна Кимова | Модул за унапредување на добросостојбата и менталното здравје на адолсцентите. | 20.08.24 | Мон ,бро |
| Надица Мојсова<br>Александра Кузманова<br>Софија Соколова<br>Зорица Карова | Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост | 21-22.08.2024 | Академија Ц.Е.С БРО |

***XVI. Училишна клима и односи***

Училиштето е препознатливо по високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива релативно добар респект кај родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени

принципите и правилата на однесување на учениците, наставниците и останатите вработени.

Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржување на постојано добра атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.

Вработените ги упатуваат учениците да се грижат како за училиштето, така и меѓусебе. Речиси сите ученици (без оглед на способностите, род, етничка припадност, вера и потекло) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.

Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведувања на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.

Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето промовира и прифаќа вклучувања на волонтери од заедницата во наставните и воннаставните активности.

Училиштето остварува квалитетна соработка со деловната заедница. Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата.

Училиштето соработува и со невладиниот сектор, постојат добри практики во досегашната работа кои ги оценуваме како исклучително важни.

***XVII. Следење на квалитетот на работа на училиштето***

Квалитетот на работата на училиштето континуирано се следи и тоа:

- од директорот на училиштето;
- од стручните соработници во училиштето;
- од одделенски совет;
- од наставнички совет;
- Училишен одбор;
- Совет на родители;
- Државен просветен инспектор;
- Општински просветен инспектор;
- Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието;.
- Примена на законите, законските прописи и општи акти со кои е регулирано основното образование;

Од добиените податоците од следењата се изготвуваат и посебни документи и тоа:

- Записници од одржаните совети на стручните тела во училиштето;
- Записници од извршените увиди од просветните инспектори и општински инспектори;
- Записници од извршените увиди од советници од БРО;
- Записници од следење на работата на наставниците;
- Други тековни документи.

***XVIII. Активности на стручната служба во учебната година***

Работата на стручните соработници својата работа за учебната 2023/2024 година ја реализират според планирањата со Годишна глобална и месечна оперативна програма со која се опфатени содржини од следните подрачја:

- Планирање, програмирање, и организација на воспитно-образовната работа;
- Непосредно следење на воспитно - образовната работа во училиштето;
- Советодавно - консултативна работа со ученици, наставници и родители;
- Аналитичко - истражувачка работа;
- Соработка со стручни институции, локална заедница и стручно усовршување на воспитно - образовниот кадар;
- Педагошка евиденција и документација

Согласно својата програма за работа стручните соработници учествуваа во изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето, како и во следењето на реализацијата на истата.

Во текот на учебната 2023/2024 година се реализираа активности планирани со програмата за работа на стручните соработници и останати тековни активности.

Прилог, извештај за работа на стручниот соработник во учебната 2023/2024 година.

***XIX. Управување, раководење и креирање политика***

Со училиштето управува **Училишниот одбор** кој е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот кадар на училиштето и другите образовни структури. Својата работа во оваа учебна година Училишниот одбор ја реализираше согласно програма за работа и одржани се **11** седници, за кои се води записник од страна на записничар.

Раководен орган на училиштето е **Директорот.** Директорот на училиштето своето работење го заснова на тимска работа преку влукчување на сите вработени на процесот на развојна политика, планирање и обезбедување квалитет во целокупната работа на училиштето. За остварување на овие цели, активно се вклучени родителите и учениците со свои предлози, сугестии кои се земаат во предвид се со цел подобар квалитет во работата на училиштето.

Во рамките на административно-организаторските работи директорот во учебната 2023/2024 година го рализира следното:
- организација на наставата,
- техничка подготовки за учебната година,
- спроведување на законските акти,
- изработка на правилници и други нормативни акти,
- грижа за почитување на куќниот ред во училиштето (кодекс на однесување),
- свикување седници на Наставничкиот совет и раководење со истите,
- управување со финансовото работење на училиштето,
- организира и утврдува динамика за реконструкција, адаптација на училишниот објект,
- врши увид во планирањата на наставниците (следење, координирање на годишните, тематските и дневните планирања),
- Увид во остварувањето на оперативно организаторските, материјално-техничките подготовки за реализација на наставата и вонаставата, воспитно-образовна работа од страна на наставниците и другите носители,
- следење на непосредната реализација на задачите и содржините на наставната и воннаставната воспитно-образовна дејниост од аспект на организација и артикулација на наставните часови (преку посета на часови) и сугестии за примена на нови наставни форми , методи и слично.

Финансиско работење, што го спроведува училиштето, е во согласност со законските норми. Директорот на училиштето ги знае механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Училишниот одбор редовно добива извештај за финансиските активностии и финансиската состојбана училиштето. УО редовно го следи наменското трошење на буџетот, со цел да добие соодветно подобрување на квалитет за потрошените финансиски средства. Директорот редовно ги консултира сите вработени, за се она што им е потребно за непречено одвивање на воспитно образовниот процес. Кога тоа е потребно, и на соодветно ниво на деталност. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за училиштето. Во финансискиот план предвидува и финасиски средства за реализација на еколошките проекти и точките на акции од воспоставените еко-стандарди. Училиштето навремено обезбедува финансии за потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира.

Во учебната 2023/2024 година во училиштето се склучени договори по следните јавни набавки:

- Договор за набавка на огрвен материјал-пелети;
- Договор за јавна набавка за интерактивна табла;
- Набавка за привремено вработување на технички персонал едно лице;
- Договор за јавна набавка за исхрана на ученици од 1 до 5 одделение;

- Договор за јавна набавка за реконструкција на под во училница;
- Договор за варосување;

**Советот на родители** својата работа ја реализира согласно Законот за основно образование, програмата за работа за учебната 2023/2024 година, деловникот за работа и потребите на училиштето. Состаноците се реализираат во училиштето, со претходно закажан состанок, пратени документи, дневен ред и за истите се водеше записник за присутни на состанокот. Оваа учебна година се одржаа 4 состаноци.

***XX. Извештај за набавени реквизити и обнова на простории***

Во ООУ„Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа во изминатиот период набавени се:

**Извештај за набавени реквизити и обнова на простории**

Во ООУ„Димката Ангелов Габерот“ с.Ваташа во изминатиот период набавени се:

- **10 Смарт табли** комплет со прожектор, кабел и се поставени во паралелките од одделенска и предметна настава;
- **7 лап топи** за наставници, од кои 2 се поставени на смарт таблите;
- **1 телевизор** за во училницата на 9 а одделение;
- **Принтери:**

2 принтери еден во канцеларијата на педагогот, еден во кабинетот по информатика, а постоечките принтери од овие простории се распоредени во библиотеката и наставничката канцеларија;

- Електрична брава за влезната врата со чипови за влез;
- Набавка на три шкафови за училници;
- Варосување на училници, каде што имаше потреба;
- Промена на плафон во ученички тоалети;
- Промена на под во училница;
- Доопремување на спортска сала со мрежи за чување на топки;
- Санација на мал дел од електрична мрежа;
- Реконструкција на лајсни на скали;
- Набавка на лектирни изданија и друга литература.

## *XXI. Предлог мерки, заклучоци, препораки*

За успешна работа и реализација на наставата во училиштето за следната учебната 2024/25 година потребно е да се превземат следните активности:

- Да се изврши целосна хигиенска и техничка подготовка на училиштето;
- Реализација на наставата согласно Календарот за работа на училиштата, насоки за планирање, организација и реализација на наставата, како и наставниот план и програма за учебната 2024/25 година;
- Подготвеност за употреба на функционалните компјутери во училиштето за реализација на наставата;
- Да се продолжи со стручно усовршување на наставниот кадар во врска со Наставните програми за деветгодишното образование организирани од страна на БРО и други институции, како и активно реализирање на сите годишни планирања во наставата согласно постоечките можности и услови;
- Негување на соработката помеѓу наставниците во прилог на подобрувањето на квалитетот на наставата;
- Грижа за учениците со посебни потреби инклузирани во редовната настава и координативно делување на дефектологот и останатите вработени во училиштето;
- Подобрување на редовноста во наставата со изградба на систем на мотивација на редовните ученици во наставниот процес;
- Продолжување на соработката со Локалната самоуправа, Бизнис секторот, родителите, невладините организации и градоначалникот на Општина Кавадарци.

Изготвил:
Педагог, Фруска Стојанова___________

ВД Директор,
/Даниела Мукаетова/
_________________